29827

ВЕЧЕР ☆ 7 јануари 1983 година

ИЗЛОЖБИ

# МОБИЛНИ ЦРТЕЖИ

**(ЗА ДЕЛАТА НА МИРОСЛАВ ШУТЕЈ ВО МСУ ВО СКОПЈЕ)**

Загрепскиот ликовен уметник **Мирослав Шутеј** (роден во 1936 година), е еден од најистакнатите хрватски и југословенски ликовни уметници, кој ѝ е познат и на скопската ликовна публика по неговата самостојна изложба одржана во галеријата на Домот на младите во 1976 година, како и од неколку групни изложби, на кои беа претставени негови дела.

**Мирослав Шутеј има отворено голем број самостојни изложби и во другите југословенски центри, па и во странство, а за своето творештво има добиено повеќе значајни награди и признанија.** Така што Музејот на современата уметност во Скопје со право му организира самостојна изложба во една од своите простории.

На ова втора скопска самостојна изложба Мирослав Шутеј ни се претставува со две ликовни дисциплини: **со** цртеж и графика, во кои тој има постигнато и најдобри резултати. Дваесет и петте цртежи ги има изработено во техниките: **туш, гваш, јаглен, фломастер и комбинирана техника**, а графиките во техниката **сериграфија во боја.**

Цртежите и графиките на Мирослав Шутеј, земено во целина, спаѓаат во трендот на **оптичката уметност**, се разбира, со една бележита автентика. Неговиот третман на уметничкиот предмет нѐ наведува во карактеристичната шема на една илузија на реалноста, каде што сѐ егзистира со самостојна ритмика и геометризам, во еден иреален амбиент а нацртаните мотиви (во вид на ваљаци и други форми) прицврстени се така што талоните можат да се размрдаат и наеднаш да се добие друга композициска целост, друг визуелен впечаток.

Таа досетка на **мобилност** на композицијата, таа, така да кажеме, **калеидоскопија** на цртежите е најинтересниот квалитет што ни го нуди овој уметник, иако самата компонента на „арт мобил" (па дури и во скулптурата — на пример, мобилните скулптури на Калдер), измислена е пред повеќе децении. Цртачкиот систем на Шутеј е духовит, тој има најдено еден медиум каде што уметничкиот резултат вибрира меѓу играта и шегата, меѓу сериозноста и несериозноста понекогаш не оддалечувајќи се од упростеноста на предмети од општотехничко образование.

За да биде позабавен, Шутеј го измисли и еротскиот циклус (по примерот на некои западни тенденции), каде што духовитоста е заменета со плиток порнографизам, што има да ја скокотне фриволноста на простодушните.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**